Известување за телата за сертификација

Ги известуваме сите тела за сертификација, дека според препораките на IAF (https://www.iaf.nu/articles/IAF_Statement_on_COVID19/636) во оваа ситуација е потребно да се следат упатствата дадени во IAF ID3: 2011 (Информативен документ на IAF за управување со вонредни настани или околности кои влијаат на АТ, ТОС и сертифицираните организации) во врска со управувањето со вонредни состојби што можат да влијаат на работата на телата за сертификација, во однос на можните измени во распоредот на проверки за сертификација или воведување на други достапни техники за проверка.

Доколку телата за сертификација изберат да користат информатички и комуникациски технологии кои овозможуваат далечинска проверка, тогаш треба да го применат задолжителниот документ IAF MD 4 (ИКТ) за употреба на информатичка и комуникациска технологија (ИКТ) за целите на проверка/оценка).

Покрај тоа, IAF на својата страница објави одговори на често поставувани прашања во врска со работата во оваа ситуација: (https://www.iaf.nu/articles/IAF_COVID19_FAQs/638).

Секако, мора да се почитуваат сите мерки пропишани од Владата на Република Северна Македонија.

Со почит од ИАРСМ